ДЗР

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
ЗА 2021 ГОДИНА НА
АГЕНЦИЈА ЗА МЛАДИ И СПОРТ
СМЕТКА ЗА ПРИХОДИ ОД ДОНАЦИИ 785-55

01 2022 03 06/3

Скопје, ноември 2022

С О Д Р Ж И Н А

Опис	Страна
КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР	1 - 5
Финансиски извештаи за 2020 и 2021 година	
Биланс на приходи и расходи	6
Биланс на состојба	7
Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи	
Вовед	8
Сметководствени политики	8 - 9
Образложенија кон финансиските извештаи	9 - 11

Кратенки користени во извештајот:

АМС – Агенција за млади и спорт

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број: 23-107/14
Датум: 03.11.2022

КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Агенцијата за млади и спорт на сметката за приходи од донации за 2021 година.

Со извршената ревизија за 2021 година изразивме мислење без резерва во однос на вистинитото и објективното прикажување на финансиската состојба и резултатите од финансиските активности и мислење со резерва во однос на усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики за 2021 година изразивме неповолно мислење.

Не е вршена ревизија, ниту сме издале извештај, за финансиските извештаи на оваа сметка на Агенција за млади и спорт за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

Со извршената ревизија констатиравме состојби кои се однесуваат на слабости во делот на склучените договори со ангажираните лица за потреби на проектот, недоставени извештаи за извршената работа и недостатоци во врска со извршените набавки со средства на проектот.

За констатираните состојби ревизијата даде препораки со цел да се надминат утврдените состојби во наредниот период.

Од страна на раководството на АМС доставени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, истите се разгледани при што забелешките се отфрлени.

1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 6 и 7 заедно со ревизија на усогласеност на Агенција за млади и спорт – сметка за приходи од донации, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември 2021 година, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа за 2022 година на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале извештај, за финансиските извештаи на оваа сметка на Агенцијата за млади и спорт за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на Агенцијата за млади и спорт застапувано од:

- Наумче Мојсоски, директор од 13.10.2020 година;

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме

етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.
Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 21.03.2022 година до 04.07.2022 година кај Агенција за млади и спорт од тим на Државниот завод за ревизија.

3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Не е вршена ревизија, ниту сме издале извештај, за финансиските извештаи на оваа сметка на Агенција за млади и спорт за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија, одржан на ден 19.07.2022 година.
На ден 12.10.2022 година добиени се забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2021 година на Агенција за млади и спорт бр. 02-1944/2 од 12.10.2022 година од раководното лице Наумче Мојсовски директор на Агенција за млади и спорт заведено во Државниот завод за ревизија под број 23-107/11 од 12.10.2022 година.
Забелешката се однесува на точка 4.1.1, истата е разгледана од страна на овластениот државен ревизор и истата не е прифатена поради недоставени докази со кои ќе се промени констатираната состојба.
Забелешките и содржината на одговорот на забелешките се прилог на Конечниот извештај.

Констатирани се следните состојби:

4.1. Усогласеност со закони и прописи

4.1.1. Во насока на реализацијата на проектните активности дел од проектот Европска недела на спортот, проектната единица на АМС во текот на 2021 година има реализирано расходи во висина од 7.629 илјади денари. Во врска со ова утврдивме дека:

- исплатени се расходи во вкупна висина од 4.313 илјади денари врз основа на склучени авторски договори со голем број на лица. Од презентираната документација утврдивме дека склучените договори содржат несоодветни одредби во врска со договорениот ангажман односно не содржат детален опис на активностите кои овие лица треба да ги извршат при што како работен ангажман е наведена изработка на стручен труд за потребите на проектот, иако во пракса овие лица извршуваат различни задачи за потребите на проектот. Исто така во одредбите на договорите не се внесени одредби кои за извршителите ќе создадат обврска да достават извештаи за реализацијата на работните задолженија како и за времетраењето на ангажманот со цел да се оцени објективноста и вистинитоста на тврдењата за нивниот ангажман и извршените исплати кои варираат од 5 илјади до 90 илјади денари.

- во текот на 2021 година проектната единица на АМС преку една фирма во 5 наврати извршила набавка на стока во вкупен износ од 1.229 илјади денари. Документацијата која е доставена во прилог е неуредно изработена при што не содржи податок за цената на поединечните артикли, додека испратниците не содржат потврда (потпис) од овластено лице од проектната единица за извршен прием на стоката. Поради наведеното не е постапено со член 12 од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници, што има може да има влијание на врз реалноста и објективност на искажаните состојби во деловните книги и спроведените набавки на стоки.

Препорака

Да се променат договорите кои се склучуваат со ангажираните лица во насока која ќе обезбеди сигурност во врска со вистинитоста на тврдењата за нивниот ангажман, извршени исплати, како и работните задачи и времетраењето на истиот.
Проектната единица да посвети соодветно внимание на документирањето на извршените набавки во насока на потврдување на вистинитоста и објективност ана извршените исплати.

Основ за изразување на мислење

Вкупен ефект од изнесените наоди, во точката 4.1 која е основ за изразување мислење е извршена исплата на ангажирани лица врз основа на договори кои содржат несоодветни одредби како и плаќања на фактури без соодветна поткрепнувачка документација во вкупен износ од 5.542 илјади денари.

5. Ревизорско мислење

Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, финансиските извештаи на сметката за приходи од донации ги претставуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Агенцијата за млади и спорт на ден 31 декември 2021 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точката 4.1. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Агенцијата за млади и спорт се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Сметка на основен буџет (785)
БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2021 година

во 000 денари

Опис на позицијата	Образложение	2021	2020
Приходи			
Трансфери и донации	3.1.1	7.824	5.399
Вкупно приходи		**7.824**	**5.399**
Расходи			
Тековни расходи			
Стоки и услуги	3.2.1	7.629	5.248
Вкупно тековни расходи		**7.629**	**5.248**
Вкупно расходи		**7.629**	**5.248**
Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување		**195**	**151**

Сметка на основен буџет (785)

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

Опис на позицијата	Образложение	2021	2020
Актива			
Тековни средства			
Парични средства	4.1.1	345	150
Вкупно тековни средства		**345**	**150**
Вкупна актива		**345**	**150**
Пасива			
Тековни обврски			
Пасивни временски разграничувања	4.2.1	345	150
Вкупно тековни обврски		**345**	**150**
Вкупна пасива		**345**	**150**

Влада на Република Северна Македонија

Агенција за млади и спорт

Qeveria e Republikës së Maqedonisë Veriore

Agjencia për rini dhe sport

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ - SHKUP

Примено: Pranuar më:	12.10.2022		
Орг. Един. Nj. org.	Број: Nr.	Прилог: Shtojcë:	Вредност: Vlera:
	23-107/11		

Бр.Nr 02-1944/2
12-10-2022 год/viti

До: **ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

ВРСКА: Ваш 23-107/10 од 09.09.2022, наш бр.02-1944/1 од 13.09.2022

ПРЕДМЕТ: Забелешки по нацрт-извештајот од овластениот државен ревизор
- сметка на основен буџет 637-16 и донаторска сметка 785-55

Во врска со доставениот нацрт извештај и изразеното мислење во врска финансиските извештаи и усогласеноста за 2021 година, го даваме писменото известување во кое се произнесуваме писмено за наодот на Овластениот државен ревизор и истото лично го предаваме на овластениот државен ревизор.

Имено,

Една од стратешките цели на Државниот завод за ревизија е следењето на субјектите за кои се дадени препораки во ревизорските извештаи, посебно доколку е изразено неповолно мислење за усогласеноста со законската регулатива, упатствата и воспоставените политики, какво и што било изразеното мислење во ревизорскиот извештај за 2015 година од кога се поминати 5 (пет) години, период во кои влијанието и препораките на Државниот завод за ревизија ослабнуваат односно ефикасноста од ревизијата се намалува. Од друга страна во АМС кон крајот на 2020 година се случуваат промени во раководството кои во текот на 2021 година активно работи на нов Закон за спорт, измени на законски и подзаконски акти, како и подобрување на работењето, контролата и спроведувањето на законските одредби .

Забелешки во врска на усогласеност со закони и прописи

- Во делот со број 4.1.,"АМС дополнително остварува приходи и врз основа на членовите 79 и 94 од Законот за игрите на среќа и забавните игри при што по овој основ во текот на 2021 година на сметката на приходи од самофинсирачки активности на АМС се реализирани приходи во висина од 166.063 денари. Притоа, за овие средства не е изработена посебна Програма, во која ќе се предвидат намените за кои истите може да се исплаќаат, како и корисниците на средствата, додека во пракса исплатата на овие средства се врши за истите намени како и средствата кои се исплаќаат согласно Програмите". **Не се прифаќа**, односно за сметката на приходи од самофинансирачки активности, во Службен весник број 1 од 03.01.2018 година, објавен е Правилник за изменување на Правилникот за формата и содржината на образецот за годишна програма на националната спортска федерација за користење на средства остварени од надоместоци за спорт и составен дел е прилогот – Годишна програма со сите намени за кои НСФ може да аплицира за финансиска поддршка.
  Во оваа Програма се предвидени сите намени за кои се предвидува поддршка и исплата за истите. За овие средства донесени се и Правилник за постапката за прибирање на надоместоците за спорт утврдени во член 79 став (2) и 94 став (2) од Законот за игри на среќа и забавните игри и начинот на нивна распределба бр.08-2004/1 од 01.12.2016 година (прилог), Правилник за критериумите за определување на врвен тренер за работа во спортска академија за млади таленти и врвен активен спортист бр.08-2004/2 од 01.12.2016 година (прилог).

- Во делот 4.1.1., "Одговорните лица во АМС како и Советот на спорт не утврдиле соодветна методологија за изработка на ранг листи на НСФ, односно не се поставени критериуми за распределба на средствата и за начинот на одлучување и контрола на вистинитоста на податоците кои се искажани во барањата кои ги доставуваат НСФ. Како резултат на наведеното АМС не воспоставила соодветни критериуми за распределба на средствата од програмите согласно член 24 од Законот за спорт и систем на објективна, пропорционална и соодветна финансиска поддршка на НСФ согласно краткорочни и долгорочни приоритетни активности. Притоа е извршено

неправилно алоцирање на буџетските средства по поедини НСФ." Не се прифаќа, односно не е точна констатацијата од страна на државната ревизија ,поради тоа што методологија за изработка на ранг листа на НСФ е изработена односно поставени се критериуми за распределба на средствата , Во член 17 од Правилникот за постапката и критериуми за распределба на средства за остварување на јавниот интерес во спортот (08-15/1 од 05.01.2021) класифицирани се НСФ според ОЛИМПИСКИ, НЕОЛИМПИСКИ, ФЕДЕРАЦИИ СО КОМПКЛЕСНИ СОДРЖИНИ И НОВИ ФЕДЕРАЦИИ, и критериуми врз основа на кои е извршено рангирањето .Согласно Правилникот за постапката и критериумите за распределба на средства за остварување на јавниот интерес во спортот Член 17-25, 27 и 29-31, суштински, квалитативно и објективно се дадени критериумите за распределба на средствата од јавен интерес до НСФ, каде меѓу другото, во предвид се земаат олимписки/неолимписки спортови, досегашното учество и потенцијалот за учество на меѓународни спортски настани организирани од меѓународниот олимписки комитет и меѓународните спортски федерации и асоцијации, бројот на спортските клубови членки на федерацијата, бројот на активни спортисти, разгранетоста на националниот систем на натпревари, исполнителноста на законските обврски и процедури кон АМС, традицијата, организацијата на настани од меѓународен карактер, остварените спортски резултати на меѓународни натпревари и организацијата на традиционалните спортски приредби. Посебни критериуми се издвојуваат за доделување на поддршка на талентирани млади спортисти, каде приоритет имаат програмите со кои се поддржува развојот на училишниот спорт, реализацијата на спортски кампови организирани за талентирани ученици и камповите за спортска специјализација на млади спортисти во НСФ. Во делот на финансиската поддршка на меѓународните програми на НСФ, особено во Член 25 и 27 од Правилникот се уредени нормите/критериумите за спортистите и спортските тимови , членки на НСФ, кои треба да ги исполнат за финансиски да бидат поддржани од буџетот на АМС.

Сето погоре наведено претставува воспоставена пракса од претходното раководство на секторот, конкретно од раководителот Томислав Андоновски и истата може да се

провери со компарација на системите во изминатите години 2020, 2019, 2018 итн.... каде што со сигурност ќе констатирате дека немало никаква промена во 2021 година.

- Во делот 4.1.1. став 5 " По донесувањето на Одлуката за распределба на средства до НСФ, АМС пристапува кон склучување на договори со НСФ. Од увид во текстот на овие договори кои ни беа презентирани, утврдивме дека истите не нудат дополнителни информации во поглед на конкретните намени на одобрените средства во однос на намените кои се наведени во Програмите, иако при аплицирањето овие НСФ конкурираат со конкретни спортски активности и проекти. Од своја страна иако согласно член 24 од Законот за спорт АМС има обврска да врши контрола над наменското користење на средствата од стана на НСФ, не прецизирањето на активностите кои се финансираат со средства на АМС не овозможува од вршење на ефикасна контрола во врска со наменското користење на средствата", **делумно се прифаќа**, АМС **ИМА** воспоставено систем на објективна и соодветна финансиска поддршка за краткорочни приоритетни активности, кој се спроведува на начин на кој се обезбедуваат средствата, од Буџетот и од Законот за игри на среќа, на годишно односно на месечно ниво. Алоцирање на буџетски средства по поедини НСФ, Агенцијата за млади и спорт го спроведува, како орган на државна управа надлежен за работите во спортот со покривање на повеќе од две третини на буџетите на НСФ. Целта е поттикнување на спортски активности во рамките на НСФ, како и реализирање на програмите на НСФ, за остварување на јавниот интерес во спортот во државата, уредено во член 22 во Законот за спорт.

  Воспоставениот систем и пракса се спроведува од 2017 година со донесување на измените во Законот за спорт и Законот за игри насреќа и забавните игри, доколку се направи хронолошка споредба за годините 2018-2021 ќе се увиди дека нема никакви отстапувања во начините на реализирање на наменетите средства .

- Во делот на 4.1.2." По донесувањето на Одлуката за распределба на средства до НСФ, АМС пристапува кон склучување на договори со НСФ. Од увид во текстот на овие договори кои ни беа презентирани, утврдивме дека истите не нудат дополнителни информации во

поглед на конкретните намени на одобрените средства во однос на намените кои се наведени во Програмите, иако при аплицирањето овие НСФ конкурираат со конкретни спортски активности и проекти. Од своја страна иако согласно член 24 од Законот за спорт АМС има обврска да врши контрола над наменското користење на средствата од стана на НСФ, не прецизирањето на активностите кои се финансираат со средства на АМС не овозможува од вршење на ефикасна контрола во врска со наменското користење на средствата.АМС нема пропишано соодветна форма и содржина на Финансиски извештај кој треба да го изработуваат НСФ, преку кој ќе се изврши поврзување на наменското трошење на средствата со финансиските извештаи и финансиска документација како потврда на направените трошоци и ефикасна финансиска контрола"- **делумно се прифаќа**, делот за преземање мерки за дополнување на договорите кои АМС ги склучува со НСФ со одредби за прецизирање на намената на одобрените средства, меѓутоа не се прифаќа забелешката/препораката да се изработат соодветни обрасци за контрола на наменското трошење на одобрените средства од причина што такви обрасци постојат и истите се применуваат.

- Во делот 4.1.3., "Распределбата на средствата од даночното олеснување се врши од страна на Централна комисија формирана согласно на член 14-г од Законот за спорт, како и Советот за спорт. Притоа:
Во овој член не се наведени соодветни критериуми и услови кои треба да ги исполнат номинираните членови на оваа комисија. Со оглед на тоа што во составот на комисијата и Советот за спорт делумно е пополнет и со поранешни спортисти кои имале ангажмани во спортски клубови, а не постојат такви критериуми со кои може да се спречи судирот на интереси предвиден со членовите 72 и 73 од Законот за спречување на корупција и судирот на интереси, дел од нив имаат тековни ангажмани во спортски клубови кои го остваруваат правото на издавање ваучер.".**Не се прифаќа**, имено распределбата на средствата од даночно ослободување НЕ се врши од страна на Централната комисија, распределбата се врши од страна на раководното лице на органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот, по предлог

на Советот за спорт. Тоа е уредено во член 14-г од Законот за спорт и Правилникот за поблиските квалитативни и квантитативни критериуми, каде што Централната комисија врши евалуација и проверка на предлог-листата на спортски клубови и активни спортисти. Овој систем на доделување на ваучер за користење на средствата од даночно ослободување, се практикува од самото воведување во 2019 година ,доколку се изврши компаративна анализа за периодот ќе се констатира ист систем на вреднување и процентуална распределба на ваучерите како за клубовите така и за спортистите и НСФ.

- Во делот 4.1.3., "Самото рангирање на НСФ, спортските клубови и индивидуалните спортисти се врши врз основа на Правилник за поблиски квантитативни и квалитативни критериуми за користење на средствата од даночно ослободување, начинот на бодување и рангирање како и формата и содржината на барањето за користење на средствата од даночно ослободување, при што рангирањето се врши врз основа на бодување кое е составен дел на Барањето за користење на средства од даночно ослободување по Законот за данок на добивка. Овој правилник дава можности за изработка на ранг листи на заинтересираните субјекти за остварување на правото за доделување на ваучер, меѓутоа нема предвидено начин на пресметка на точниот износ на средства кои се доделуваат на поединечни субјекти. Листите на активни спортисти се изготвуваат врз основа на ранглисти доставени од страна на НСФ при што комисијата и Советот за спорт немаат можност да вршат додавање на спортисти за кои имаат информации дека постои можност да им биде доделен ваучер но од субјективни причини не биле дел од листата доставена од НСФ. Како резултат на ова се јавува можност од фаворизирање на поедини НСФ, спортски клубови и активни спортисти во делот на висината на распределени средства како и бројот на спортисти кои го оствариле ова право.Со анализа на листата на субјекти кои го оствариле ова право утврдивме: нелогичности во определувањето на бројот на спортисти по поедини спортски дисциплини на кој им се одобрени средства со ваучер како и висината на одобрени средства при што во поедини дисциплини определениот број на активни спортисти е диспропорционално висок во однос и на активните спортисти во таа спортска дисциплина како и во

однос на други спортски дисциплини со подолга традиција на остварени спортски резултати и масовност, а истото се однесува и за висината на средствата кои им се доделени, " – **не се прифаќа,** нелогичност НЕМА во определувањето на бројот на спортисти по поедини спортски дисциплини на кои им се определуваат средства со ваучер. Тоа е уредено во Правилникот за поблиски квантитативни и квалитативни критериуми за користење на средствата од даночно ослободување („Службен весник на РСМ" бр. 5/22), за активни спортисти минимум бодови за користење на средства по основ на ваучер е 48 бода. Висината на ваучерот во една федерација за активни спортисти зависи од износот на бодовите.

"со Законот за спорт не се предвидени старосни ограничувања и притоа утврдивме и дека се доделени ваучери на спортисти од младинските категории кои се опфатени и со Програмата за Спортска надеж", е **неосновано** поради фактот што Законски пречки за корисниците на Спортска надеж да користат средства од даночно ослободување не постои и не е опфатени со ниеден закон.

- Во делот 4.1.3.,"Препорака -Раководството на АМС да преземе мерки и активности: да се воспостават критериуми за избор на критериуми за финансиска поддршка, истите да бидат јавно објавени за доставување на Барањето за користење на средства од даночно ослободување од страна на сите заинтересирани спортски субјекти без инволвирање на НСФ" е **нејасна препорака** за која е потребно дополнително елаборирање од Ваша страна .

Во делот на препораката "Распределбата на средствата од даночното олеснување се врши од страна на Централна комисија формирана согласно на член 14-г од Законот за спорт, како и Советот за спорт Притоа: Во овој член не се наведени соодветни критериуми и услови кои треба да ги исполнат номинираните членови на оваа комисија. Со оглед на тоа што во составот на комисијата и Советот за спорт делумно е пополнет и со поранешни спортисти кои имале ангажмани во спортски клубови, а не постојат такви критериуми со кои може да се спречи судирот на интереси предвиден со членовите 72 и 73 од Законот за спречување на корупција и судирот на интереси, дел од нив имаат тековни ангажмани во спортски клубови кои го остваруваат правото на издавање ваучер." **делумно се прифаќа**.

Имено, имајќи го во предвид фактот дека согласно член 14-г од Законот за спорт, органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот формира Централната комисија за евалуација на предлог листата, **која се состои од претседател и шест члена по предлог на Владата**. Раководството на АМС може да преземе дејствија да предложи критериуми и услови кои треба да ги исполнат членовите на оваа комисија, но сепак мора да се напомене дека конечниот избор, односно предлозите за членовите ги дава Владата.
Во однос на изборот на членови на Централната комисија и Советот за спорт од аспект на исполнување на критериуми со кои би се спречил судирот на интереси предвиден со Законот за спречување на корупција и судирот на интереси при што дел од нив имаат тековни ангажмани во спортски клубови кои го остваруваат правото на издавање ваучер, сакаме да потенцираме дека во конкретните случаи членовите се изземат од правото на одлучување за матичната федерација или спортски клуб во кој членуваат или се дел од органите на раководење или управување.

Дополнително, АМС има добиено мислење од ДКСК , по кое мислеше и се постапува , а во однос на можноста за прекршување на одредбите предвидени во член 72 и 73 од Законот за спречување на корупција , судирот на интереси и начинот напостапување (во прилог копија од одговорот од ДКСК 11-1280/2 од 13.07.2021 год)

Во целост **се сложуваме** со констатацијата дека во соработка со Владата и надлежните државни институции треба да се обезбеди ефикасна квантитативна и квалитативна контрола на исплатените средства од даночно ослободување, за што АМС во 2021 година има добиено согласност за вработување на овластен ревизор од страна на МФ , откако местото во АМС е трајно испразнето по основ на пензионирање, и за истото објавен е оглас, меѓутоа нема пријавени кандидати.

Во меѓувреме АМС изврши прераспределување на едно лице од Сектор спорт во Инспекциска служба (прилог Решение за распоредување на работно место -Нијази Елмазов, бр.04-2498/1 од 14.12.2021).

"Препорака - Раководството на АМС да преземе мерки и активности:
да се изврши промена на системот на исплата и средствата по овој основ да им се исплаќаат на субјектите од страна на државен орган;" **го прифаќаме** , меѓутоа

истиот не зависи од АМС, треба да се реши од страна на Владата.

- Во делот 4.1.3 ." **Препорака -Раководството на АМС да преземе мерки и активности:** да се изнајде решение за анализа на функционалноста и ажурноста на веб страните на НСФ и од оние НСФ за кои ќе се утврдат недостатоци во овој дел да се побара итно надминување на истите." **делумно се сложуваме**, со напомена дека АМС, односно Централната комисија врши проверка дали НСФ ги имаат објавено во законскиот рок ранг –листите на своите web страни.

- Во делот на 4.1.4. Препораката **целосно се прифаќа.**

- Во делот на 4.1.5. Препораката **целосно се прифаќа,** а нејзината имплементација зависи од МФ која одобрува средства, односно дава согласност за вработувања и одобрува/дава позитивно мислење за годишниот план за вработување од страна на Министерство за информатичко општество. Иако е побарана согласност за вработување во Инспекциско одделение, од МФ добиено е негативно мислење (прилог одговор од МФ, бр.04-1378/2 од 03.08.2022)

- Во делот 4.1.6." **Препорака**- Раководното лице на АМС, во соработка со Владата на РСМ во рамките можностите на буџетот и капацитетот на АМС, да започне со реализација на Законот за младинско учество и младински политики во делот на финансирањето на младинските политики " **целосно се прифаќа,** меѓутоа нејзината имплементација зависи од буџетските ресурси кои ги одобрува МФ.

- Во делот 4.1.7." **Препорака**- Раководното лице на АМС да ја испита можноста за повторно активирање на информатичкиот спортски систем и да се започне со тековно ажурирање на податоците во истиот" **делумно се прифаќа,** имено, информатичкиот спортски систем не е во функција од 2017 година, и не се направило никаков обид за негово активирање. Иако до тогаш истиот функционира, а има и „Правилник за организирање, водење и унапредување на Информатичкиот спортски систем во РМ" (прилог, бр.02.2455/2 од 03.12.2015). Доказ за немање иницијатива за функционирањето и активирањето е и непотпишаниот дел во фактурата „ГАРАНТИРАМ ДЕКА

УСЛУГАТА Е ЗАВРШЕНА“ од тогашните надлежни лица (раководителот на Сектор спорт) за овој информатички спортски систем. Меѓутоа, АМС ќе направи напори за повторно активирање на Информатичкиот спортски систем и негово тековно ажурирање.

- Во делот на 4.1.8. Препораката **целосно се прифаќа**

- Во делот 4.2.1 “Утврдените состојби не се во согласност со одредбите на член 21 од Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и член 31а од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и предизвикува неможност да се изврши усогласување на состојбата на средствата и нивните извори искажани во деловните книги и фактичката состојба како и ризик од несоодветно користење на јавните средства” **Не се прифаќа** како точен заклучок ,од друга страна даденото објаснување во нацрт извештајот не ја дава точната слика и информација за инвестициите кои се завршени и причините поради кои истите не се предадени во употреба, а посебно двата материјални објекти – спортска сала УКИМ и спортска сала Шуто Оризари. Имено, за двата споменати објекти поради екстерни фактори не сме во можност да ги предедеме објектите, во случајот со спортска сала УКИМ примателот не е согласен да се приклучи на водоводна и електрична мрежата за да се добие техничка согласност, но иза истиот се води судски спор, во случајот на спортска сала Шуто Оризар постапката е запрена во Министерството за транспорт и врски и истиот неможе да добие техничка согласност. Сметаме дека квалификацијата треба вистинито и објективно да ја прикажат состојбата како и фактите во врска со средствата/ објектите кој преставуваат материјална ставка во Билансот на состојба

- Во делот 4.2.2 „**Препорака**–Раководителот на АМС да превземе активности одговорните лица во сметководство да воспоставата целосна и точна финансиска евиденција на примените и издадени материјали и ситен инвертар“ **не се прифаќа** поради тоа што во АМС има лице кое што е задолжен за доставување/издавање на канцелариски материјали и ситен инвентар и истото доставува листа за издавање. А околу водење на матријално сметководство **не се прифаќа** бидејќе АМС не располага со голем обем на стока, односно користи потрошувачки средства за лична хигиена и ситен канцелариски материјал.

- Во делот 4.3.2." **Препорака** – Раководителот на АМС да преземе мерки и активности за:

навременото и целосно доставување на неопходната финансиска документација како доказ за наменското и законското користење на одобрените средства; воспоставување на функцијата за финансиска контрола на извештаите на НСФ како и соодветно кадровско екипирање на оваа служба; донесување на правилник со кој ќе се утврди износот и процентот на средства кој може да се исплати по основ на плати и надоместоци на раководни и ангажирани лица од НСФ; враќање на доделените средства од сите НСФ кај кој се констатирани прекршувања на одредбите на склучените договори околу законското и наменското користење на средствата; распределбата на средства за поддршка на проекти за родова еднаквост учество на жената во спортот да се врши согласно утврдените намени во програмата".

Контролната функција во АМС за поднесените финансиски извештаи од НСФ и нејзината нефункционалност претставува реалност во Секторот спорт и Одделението за инспекциски надзор. Во суштина, контролната функција со години назад била отсутна. Поради таквото отсуството на грижа за оваа приоритетна дејност во Секторот спорт и Одделението за инспекциски надзор се случуваат противзаконски и недозволени активности од страна на НСФ. Доказ за споменатото се неколку отворени случаи во надлежни институции кои имаат наоди, и за кои се покренати постапки пред соосдветните институции и тоа за користењето на средства од 2017 и 2018 година.
Овие факти можат да се проверат и да се потврди со проверка и обработка на финансиските извештаи поднесени од НСФ за претходните години.

Во делот на препораката за воспоставување на финансиска контрола на извештаите на НСФ од страна на Инспекцискатa и Ревизорскатa служба **се прифаќа**, и за истата заедно со МФ ќе се направат напори за обезбедување на стручен кадар.

Согласно законските одредби, ќе се направат напори за донесување на правилник, со кој ќе се утврди износот и процентот по основ на плати и надоместоци на раководните и ангажирани лица во НСФ.

Доколку бидат констатирани прекршувања на одредбите од склучените договори помеѓу АМС и НСФ со сигурност ќе бидат активирани мерки во зависност од интензитетот на прекршувањата , односно поврат на одобрените средства .

Во врска со препораката за распределбата на средствата за поддршка на проекти за родова еднаквост и учество на жената во спортот **не се сложуваме**, бидејќи истото се врши согласно Програмата.

- Во делот 4.3.3 "одговорното лице на АМС да воспостави контролен систем кој ќе обезбеди исплата на надоместоците да се врши само на активни спортисти." **не се прифаќа**, поради тоа што контролен систем е обезбеден, со потпишување на Договор со спортистот, во член 3 се уредени обврските и задолженијата на спортистот со статус спортска надеж и корисник на право на месечен надоместок.

- Во делот 4.3.3 "Во текот на 2021 година од страна на Советот за спорт одбиена е апликацијата која е доставена од Фудбалската федерација на Македонија повикувајќи се на усогласеност на Статутот на ФФМ со Законот за спорт поради што не е извршена исплата на спортски стипендии - Спортска надеж за младите фудбалери. Оваа одлука на Советот за спорт нема правен основ ниту во Законот за спорт ниту во подзаконските акти односно истата е целосно неоснована со оглед на тоа што правото за оваа стипендија се стекнува врз основ на постигнати резултати при што евентуалните правните спорови меѓу АМС и НСФ не се споменати како еден од критериумите за остварување на истото. Како резултат на наведеното АМС неосновано ја отфрлила апликацијата доставена од ФФМ и ги оневозможила младите фудбалери во остварување на своето законско право." **делумно се прифаќа**, Имено, по дополнително консултирање, се уважи апликацијата на Фудбалската федерација на Македонија за Спортска надеж за 2022 година и истата ќе биде исплатена. Согласно Законот за спорт, Уредбата за условите, критериумите и начинот на доделување на категорија спортист – Спортска надеж (Службен весник на РепубликаМакедонија бр.127/08 и 107/12) и Правилникот за критериумите и водење на постапката за доделување и определување на годишниот број на категоризирани спортисти во категоријата спортист – Спортска надеж, НСФ во законскиот рок доставуваат:
  - извештај,
  - образец за следење на спортско-техничките резултати на младите спортисти во категоријата

спортист – Спортска надеж во периодот Септември-Јуни во тековната година,
- апликација
- ранг листа на најуспешните млади спортисти, како можни кандидати за доделување на категоријата спортист – Спортска надеж,
- Одлука од НСФ за рангирање,
- Критериуми врз кои е извршено рангирањето (правилник или друг акт) во пишана и електронска верзија до Агенцијата за млади и спорт и истите ги објавува на својата веб страна.

Нацрт-извештајот од овластениот државен ревизор и донаторска сметка 785-55

Се **прифаќа препораката делумно**, во делот да се променат договорите кои се склучуваат со ангажираните лица во насока која ќе обезбеди сигурност во врска со висината на тврдењата за нивниот ангажман, извршени исплати, како и работните задачи и времетраењето на истиот. Проектната единица да посвети соодветно внимание на документирањето на извршените набавки во насока на потврдување на вистинитоста и објективноста на извршените исплати.

Според мислење на ревизорот се согласуваме со ставка 4.1.1 во врска со внесување на извештаи за реализацијата на работните задолженија како и за времетраењето на ангажманот со цел да се оправдани исплатените средства. Ова е веќе и прифатено и имплементирано во текот на имплементација на проектот во 2022 година.

- Во врска со документацијата на цената на поединечните артикли набавени за потребите на проектната единица, **не се согласуваме,** дека уредно не покажуваат поединечни цени, односно во тендерската документација има документ крстен BoQ (преземен од ПРАГ ПРАВИЛАТА) кој точно наведува поединечна и целокупна цена на сите артикли.

Во врска со испратници и нивната содржина за потврден потпис од овластено лице од проектната единица за извршен прием на стоката **се согласуваме**, а истовремено се имплементирани во текот на оваа година 2022.

Сметаме дека, овластениот државен ревизор треба да ги земе во предвид информациите произнесени погоре, и соодветно да го изрази мислењето за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива за 2021 година при изготвувањето на конечниот Извештај на овластениот државен ревизор.

Користени кратенки:

АМС-Агенција за млади и спорт
НСФ-Национални спортски федерации
ДКСК – Државна комисија за спречување на корупција
МФ- Министерство за финансии
ФФМ – Фудбалска федерација на Македонија

Директор
Наумче Мојсоски

Одговор
на забелешки/коментари/известувања на
Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор

На ден 12.10.2022 година добиени се забелешки на Нацрт извештаите за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2021 година на Агенцијата за млади и спорт на сметка на основен буџет (637-16) и на сметка на приходи од донации (785-55) број 02-1944/2 од 12.10.2022 година од раководното лице Наумче Мојсоски, директор, заведени во Државниот завод за ревизија под број 23-107/11 од 12.10.2022 година.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

Сметка на основен буџет (637-16)

1. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.1.** која се однесува на неизработена посебна Програма со која ќе се предвидат намените и износите на средствата од остварените приходи согласно член 79 и 94 од Законот за игрите на среќа и забавните игри **не се прифаќа,** од причини забелешката се однесува на донесената измена на Правилникот[1] во кој е дефинирана формата на обрасците за аплицирање на средства кои ги пополнуваат НСФ. Со обрасците не се дефинираат износите по поединечни намени на нераспределените средствата во висина од 166.063 илјади денари на начин кој е утврден во двете постоечки и усвоени Програми донесени од Владата на РСМ за остварување на јавниот интерес во спортот.

2. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.1.1** која се однесува на невоспоставени критериуми за распределба на средствата и систем на објективна, пропорционална и соодветна финансиска поддршка на НСФ согласно краткорочни и долгорочни приоритетни активности **не се прифаќа,** поради не доставени дополнителни докази кои ќе ја оспорат констатираната состојба. Имено, во забелешката се наброени критериумите кои треба да се земат во предвид од страна на органите на АМС при евалуацијата на пристигнатите апликации од страна на НСФ, но не е образложен начинот на кој овие критериуми се вреднуваат од страна на АМС, заради објективно утврдување на износот на финансиската поддршка кој им се доделува на

[1] Правилник за формата и содржината на образецот за годишна програма на националната спортска федерација за користење на средства остварени од надоместоци за спорт

поединечни НСФ и елиминација на можноста утврдувањето на овие износи да се врши врз основа на просудување од страна на лицата кои се инволвирани во овој процес.

3. Дадената забелешка на точката **4.1.1 став 5** се однесува на констатираните состојби на точката **4.1.2. став 2** која се однесува на отсуство на информации во склучените договори со НСФ во поглед на конкретните намени на одобрените средства заради ефикасна контрола во врска со наменското користење на средствата **не се прифаќа**, поради тоа што во забелешката се наведени објаснувања поврзани со законските обврски на АМС за поттикнување на спортски активности и реализирање на програмите на НСФ. Притоа не е земено во предвид дека врз основа на Одлуката за распределба на средства до НСФ се склучуваат договори без да се утврдат конкретните намени на одобрените средства кои се наведени во Програмите[2] иако при аплицирањето овие НСФ конкурираат со конкретни спортски активности и проекти.

4. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.1.2** која се однесува на непрецизности во склучените договори со НСФ кои не нудат дополнителни информации во поглед на конкретните намени на одобрените средства со што се оневозможува вршење на ефикасна контрола во врска со наменското користење на средствата **не се прифаќа,** од причини што наведеното во истата делумно е во насока на прифаќање на констатираните состојби. Со забелешката не се доставени во врска со воспоставување на контрола над наменското користење на средствата од стана на НСФ преку дополнување на договорите со НСФ со одредби за прецизирање на намената на одобрените финансиски средства од страна на АМС и изработка на соодветни обрасци за контрола на одобрените средства и поврзување со финансиската документација која се доставува како потврда на направените трошоци.

5. Забелешките на констатираните состојби во **точката 4.1.3** која се однесува на распределбата на средства од даночно олеснување по пат на издавање ваучери и тоа за делот кој се однесува на:
   - одговорностите околу распределбата на средства од даночното ослободување од страна на Централната комисија и Советот за спорт согласно член 14 г од Законот за спорт **не се прифаќа,** поради тоа што Централната комисија согласно овој член, е непосредно вклучена во процесот на распределба на овие средства заедно со Советот за спорт и има обврска да изготви предлог листа на корисници на средства од даночно ослободување;

[2] Програмата за развој на спорт и млади и Програма за распределба на средства од игри на среќа и забавните игри за финансирање на спортските федерации, клубови и проекти на АМС за унапредување на спортот во РМ

- констатирани нелогичности во определувањето на бројот на спортисти по поедини спортски дисциплини на кој им се одобрени средства со ваучер **не се прифаќа,** поради тоа што во забелешката е објаснет начинот на распределба на средствата уреден со Правилникот за поблиски квантитетно и квалитативни критериуми за користење на средствата од даночно ослободување донесен во 2022 година и истото нема влијание на констатираната состојба;
- доделување на ваучери и по основ на Програмата за спортска надеж, поради непостоење на старосно ограничување во Законот за спорт **не се прифаќа,** поради тоа што претставува образложение за констатираната состојба дадена во насока на преиспитување на оправданоста на можноста спортистите да остваруваат финансиски средства по повеќе различни Програми на АМС;
- дадената препорака во алинеја 2 **се прифаќа** поради направена техничка грешка и истата во конечниот извештај ќе биде соодветно прилагодена;
- констатираната можност од појава на судир на интереси поради неутврдени критериуми и услови кои треба да ги исполнуваат членовите на Централната комисијата и Советот за спорт **не се прифаќа,** со оглед на тоа што наведеното во забелешката ревизијата го имаше во предвид во фазата на извршување на ревијата и е во насока на прифаќање на дадената констатација;
- дадена препорака во врска со потребата од обезбедување на услови за ефикасна квантитативна и квалитативна контрола на исплатените средства, **не се прифаќа,** со оглед на тоа што наведеното во забелешката е во насока на прифаќање на дадената препорака;
- дадена препорака во врска со промена на системот на исплата и преземање на мерки за зголемување на функционалност на web страните на НСФ **не се прифаќа,** со оглед на тоа што наведеното во забелешката е во насока на прифаќање на дадената препорака;

6. Забелешката на дадената препорака на **точката 4.1.4** која се однесува на потребата раководството на АМС да преземе активности да се известат сите НСФ за обврската да постапуваат во согласност со Законот за јавни набавки и да обезбедат соодветна документација за спроведените постапки за јавни набавки **претставува известување** за прифаќање на препораката од страна на АМС.

7. Забелешката на дадената препорака на **точката 4.1.5** која се однесува на преземање мерки за воспоставување на единицата за внатрешна ревизија со соодветен кадар и создавање услови за функционирање на инспекциската служба во делот на инспекциските надзори **претставува известување** за прифаќање на препораката од страна на АМС и за добиено негативно мислење од Министерството за финансии по побарана согласност за вработување во Инспекциско одделение.

8. Забелешката на дадената препорака на **точката 4.1.6** која се однесува на потребата Раководното лице на АМС, во соработка со Владата на РСМ во рамките на можностите на буџетот и капацитетот на АМС, да започне со реализација на Законот за младинско учество и младински политики во делот на финансирањето на младинските политики **претставува известување** за целосно прифаќање на препораката од страна на АМС.

9. Забелешката на дадената препорака на **точката 4.1.7** која се однесува на повторно активирање на информатичкиот спортски систем **не се прифаќа** со оглед на тоа што со наведеното во забелешката е јасно изразена подготвеност на АМС повторно да изврши активирање на овој систем и да врши негово тековно ажурирање.

10. Забелешката на дадената препорака на **точката 4.1.8** која се однесува на потребата од континуирана контрола на архивското работење **претставува известување** за можностите за имплементација на препораките од страна на АМС.

11. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.2.1** која се однесува на утврдени состојби во врска со спроведениот попис на средствата и обврските како и значително доцнење околу пуштањето во употреба на објектот Спортска сала на УКИМ **не се прифаќа,** од причини што наведеното во забелешката ревизијата го имаше во предвид во фазата на извршување и истото е веќе соодветно обелоденето во наодот од оваа точка од извештајот.

12. Забелешката на дадената препорака на **точката 4.2.2** која се однесува за воспоставување на целосна и точна финансиска евиденција на примените материјали и ситен инвентар **не се прифаќа,** од причини што воспоставувањето на истата претставува законска обврска без оглед на квантитетот на извршените набавки.

13. Забелешката на дадената препорака на **точката 4.3.2** која се однесува на воспоставување на систем на интерни контроли на исплатените парични средства од АМС кон НСФ и користењето на овие средства од страна на НСФ **претставува известување** дека од страна на АМС се прифаќа неопходноста од воспоставување на соодветни интерни контроли. Во делот на забелешката на дадената препорака за распределбата на средства за поддршка на проекти за родова еднаквост и учество на жената во спортот да се врши согласно утврдените намени во програмата **не се прифаќа**, поради тоа што со констатираната состојба во наодот ревизијата утврди дека висината и намената на средствата за поддршката на проектите за родова еднаквост и учество на жената во спортот не е во согласност со намената утврдена во Програмите на

АМС, при што не се доставени дополнителни докази за оспорување на оваа констатација.

14. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.3.3 став 5** која се однесува на констатирани слабости во врска со исплатата на средства на млади спортисти Спортска надеж **не се прифаќа,** од причини што наведеното во забелешката поврзано со склучените договори не гарантира дека овие спортисти ќе останат активни за периодот на исплата на средствата, ниту пак дека воопшто се работи за активни спортисти.

15. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.3.3 став 4** која се однесува на неизвршена исплата на средства за младите фудбалери **не се прифаќа** бидејќи наведеното во забелешката е во насока на прифаќање на констатираната состојба.

Сметка на приходи од донации (785-55)

1. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.1.1** која се однесува на неуредност во документацијата врз основа на која се извршени плаќања како и несодветни одредби во склучените договори со ангажираните лица **не се прифаќа,** поради тоа што со наведеното во забелешката се потврдуваат констатираните состојби во врска со склучените договори, а во делот на неуредност на документацијата врз основа на која се извршени плаќања на набавена стока која не ги содржи поединечните цени на набавените стоки и потврда за извршен прием на стоката, заради контрола на постигнатите цени во спроведените постапки за јавни набавки, од страна на АМС не доставени дополнителни докази кои ќе ја оспорат констатираната состојба.